НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Секторска комисија за уметност

Врз основа на член 16, став 9, алинеа 21, а во врска со член 19, став 1, алинеа 3 и 4 од Законот за Националната рамка на квалификации, Одборот за Македонска рамка на квалификациии, на седницата одржана на 02.04.2026 година го усвои Извештајот од анализата на секторот на квалификации.

# Анализа на секторот уметност



Декември 2025 година

# Содржина


ВОВЕД ...... 4

КЛУЧНА ОБЛАСТ 1: ГОЛЕМИНА НА ПРОФИЛОТ НА СЕКТОРОТ И ГЕОГРАФСКАТА ЛОКАЦИЈА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ И РАБОТНИЦИТЕ ...... 7

КЛУЧНА ОБЛАСТ 2: ВИДОВИТЕ ЗАНИМАЊА ВО РАМКИТЕ НА СЕКТОРОТ И ПРЕДВИДЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ШЕМИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ...... 12

КЛУЧНА ОБЛАСТ 3: ВРСКАТА МЕЃУ СЕКТОРОТ ШТО СЕ АНАЛИЗИРА И ДРУГИТЕ СЕКТОРИ ...... 15

Уметност и образование ...... 15

Уметност и културен туризам ...... 16

Уметност и економија / креативни индустрии ...... 17

Уметност и технологија ...... 18

Уметност и културни политики / јавна администрација ...... 20

Културата како дел од вкупната стратегија за квалификации ...... 21

Уметност и медиуми ...... 22

КЛУЧНА ОБЛАСТ 4: КЛУЧНИТЕ ТРЕНДОВИ, РАЗВОЈ И ДВИГАТЕЛИ ВО САМИОТ СЕКТОР ...... 23

4.1 Клучни трендови ...... 23

4.2 Креативните индустрии - двигатели во самиот сектор ...... 23

КЛУЧНА ОБЛАСТ 5: ВООБИЧАЕНИТЕ ПАТЕКИ НА КАРИЕРА МОЖНОСТИ ЗА НАПРЕДУВАЊЕ ...... 25

5.1 Вообичаени патеки на кариера ...... 25

5.2 Можности за напредување ...... 27

КЛУЧНА ОБЛАСТ 6: РАБОТОДАВАЧИ И ДРУГИ КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ ...... 30

Предлог за развој на нови или дополнување на постојните стандарди на занимања и стандарди на квалификации во секторот уметност ...... 31

КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ ...... 33

Анализата е подготвена од  членовите на Секторската комисија за уметност

**Членови на Секторската комисија за уметност:**

1. **Невена Бошковка,** Биро за развој на образованието;
2. **Маја Седрак**, Министерство за култура и туризам;
3. **Борче Начев**, Синдикална организација на Македонски Народен Театар при СОНК;
4. **Михаела Јовановска Капедановска,** Организација на работодавачи на Македонија;
5. **Беркант Хасаницај,** Центар за стручно образование и обука;
6. **Ферди Алиу**, Министерство за образование и наука;
7. 7. **Проф. д-р Јана Манева-Чупоска,** Друштво на ликовни уметници на Македонија;
8. **Проф. д-р Ангел Миов,** Факултет за ликовни уметности, УКИМ,  Скопје;

# ВОВЕД

Разновидноста на уметничкото творештво претставува суштинска компонента на културниот идентитет на едно општество. Во таа смисла, македонската култура ја отсликува уметноста и богатото културно наследство, и ги вградува современите вредности, идеи и стремежи на граѓаните – особено на младите генерации. Таа е мост меѓу традицијата и иновацијата, меѓу индивидуалната креативност и колективната културна меморија.

Поттикнувањето, афирмацијата и презентацијата на уметничкото творештво се од суштинско значење за одржување на еден витален културен систем, особено во држава како Македонија, каде секој уметнички израз е дел од националната културна ризница. Меѓутоа, за да се обезбеди системска поддршка и развој на уметничкиот потенцијал, потребно е образованието да ги препознае и интегрира уметничките и креативни сектори како стратешки значајни области.

Предмет на оваа анализа се постојните квалификации во секторот уметност во Република Северна Македонија (РСМ), идентификувајќи ги клучните структурни недостатоци во средното уметничко образование со предлог систематизирани решенија усогласени со постоечката Националната рамка на квалификации (НРК), Законот за средно образование, Законот за култура и Европските рамки (Европска рамка на квалификации, европска клацификација на вештини, компетенции, квалификации и занимања, EQAVET).

**Образовна димензија и квалификациски рамки**

Класификацијата на звања е интегрирана во НРК (усогласена со Европската рамка на квалификации, Министерство за образование и наука, 2019), каде уметничките звања се категоризирани според резултатите од учење (знаења, вештини, компетенции). Во моментов, македонската Национална рамка на квалификации (НРК) содржи само две, официјално регистрирани, уметнички квалификации на ниво IV: „Средно уметничко образование – музички изведувач" и „Средно уметничко образование – ликовен уметник", додека балетот и современите форми (џез, дигитална уметност, мултимедијална продукција, фолклор, визуелни уметности и други) фигурираат само како под-насоки без посебен код. Оваа ограниченост го попречува признавањето на специфични компетенции и ја отежнува мобилноста на учениците кон европскиот пазар на труд.

Во истовреме, Европска класификација на вештини, компетенции, квалификации и занимања (European Skills, Competences, Qualifications and Occupations) обезбедува референтна листа за 3.006 звања, од кои 147 се директно поврзани со уметност и култура (European Commission, 2023). Во РСМ, Националната

класификација на занимања (НКЗ; ДЗС, 2021) е делумно усогласена, но покажува системски јаз и недостатоци на ниво IV (средно стручно образование).

Уметноста е  динамичен сектор кој опфаќа широк спектар на креативни изрази вклучувајќи: визуелни уметности, филмска уметност, музичко-сценски уметности, дигитални уметности, дизајн и др. Од тука, развојот на креативното изразување неминовно е поврзан со градењето на кадрите и во таа смисла, не може, а да не се заклучи дека моменталната структура на формалното средно образование во доменот на уметностите заостанува зад многу земји од Европа, но и зад оние од регионот. Тоа е со ограничен обем и содржина, без поголема прилагодливост кон пазарот, новите уметнички креативни изрази или новите технологии и одржливиот развој.

Во најголем дел, ваквата состојба се должи **на недостатокот на правна рамка, односно Закон за уметничко образование,** кој поконкретно би ги уредил сите специфики и потреби на областа. Во таа смисла, Законот би овозможил правна рамка за осмислување на соодветни образовни програми во согласност со новите трендови во образованието од ваков вид. Со законската покриеност би се надминале предизвиците со кои се соочува уметничкото образование и би се задоволиле реалните потреби  на пазарот на труд во уметничкиот сектор. Законот за уметничко образование ќе овозможи да се создаде соодветен кадар кој ќе биде конкурентен на пазарот на трудот, со поголема хоризонтална и  вертикална мобилност кон високото образование, а покрај тоа ќе ја артикулира и реформата во средното уметничко образование во насока на правилна класификација на образовните квалификации.

Во текот на изминатата деценија, со образовните политики во светот минуваат низ значителна трансформација, обликувана од развојот на новите техологии и комуникации. Во Македонија, реформата на образованието започна со децентрализација на образовниот систем која се направи согласно позитивните европски искуства и современите пазарни економии. До денес, реформата во основното образование е во активна фаза на имплементација, до трето образовно ниво (седмо, осмо и деветто одделение). Што се однесува до средното образование, целосно реформирано е стручното средно образование, додека реформата на гимназиското образовние е започната во втората година на изучување. Во уметничкото образование реформата е во почетна фаза, односно, во процедура е изработка и донесување на Концепција за уметничко образование.

Развојот на креативното изразување неминовно е поврзан со градењето на кадрите низ образовниот процес, впрочем како и во другите општествени дејности кој мора да го следи технолошкиот напредок, промената на однесувањето на потрошувачите и варијабилните модели на финансирање (Министерство за образование и наука, Локална самоуправа, и други извори кои се утврдени со

Законот за средно образование, член 11, став 101-104) кои силно влијаат врз моделирањето и трансформацијата и на образовниот систем.

Земајќи го предвид горе наведеното, во фокусот на оваа анализа е образовната поставеност на уметничкиот сектор во согласност со клучните трендови, економското влијание, предизвиците, потребите, но и можностите со кои се соочуваат уметниците, институциите и засегнатите страни. Со евалуација на пазарите на уметност во развој, оваа Анализа има за цел да даде сеопфатна слика за секторот, кој е комплексен и повеќеслоен и кој непосредно е условен од создавањето на уметничките кадри најнапред во образовниот систем, а потоа и на уметничките сцени низ државата, како главни чинители и создавачи на она што се нарекува македонска уметност. Усвојувањето на оваа Анализа ќе подразбира и ревизија и проширување на Националната рамка на квалификации (НРК) во делот на уметноста, со главна цел, димензионирање на образовниот кадар согласно развојот на уметноста што ќе значи воведување на нови образовни квалификации, формирани преку динамични наставни програми и соодветни компетенции во средните стручни уметнички училишта. Новите квалификации ќе треба да го опфатат целосниот спектар на уметнички и креативни дисциплини, од традиционални до дигитални форми на изразување, со стекнати компетенции (знаења, ставови и вредности) кои се релевантни со европскиот пазар и ќе им овозможат пошироки можности за напредување и вработување.

Анализата на секторот Уметност е поделена во шест клучни области кои ја анализираат состојбата од повеќе аспекти:

**Клучна област 1**: Големината на профилот на секторот и географската локација на организациите и работниците

**Клучна област 2:** Видовите занимања во рамките на секторот и предвидените промени во шемите за вработување

**Клучна област 3**: Врската меѓу секторот за уметност и другите сектори

**Клучна област 4**: Клучните трендови, развој и двигатели во самиот сектор

**Клучна област 5**: Можности за напредување и вообичаените патеки на кариера

**Клучна област 6**: Работодавачи и други клучни чинители

Секоја клучна област има за цел да го доближи значењето на секторот уметност во македонски контекст, да ја презентира намената, неговото влијание во општеставото и неговата тесна поврзаност со другите сектори во општеставото, како и можностите за градење и унапредување на истиот.

## КЛУЧНА ОБЛАСТ 1: ГОЛЕМИНА НА ПРОФИЛОТ НА СЕКТОРОТ И ГЕОГРАФСКАТА ЛОКАЦИЈА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ И РАБОТНИЦИТЕ

Уметноста во Македонија претставува еден од темелните вредности на општестественото живеење. Таа е уредена со Законот за култура[1] кој ги дефинира принципите, надлежностите за развој и поддршка на културните дејности.

По првата фаза од децентрализацијата во 2005 година, културните установи географски се распредлени во 8 плански региони, а културниот систем во државата функционира преку широка мрежа на установи, вкупно 121, поделени на 72 национални и 49 локални установи од областа на културата. Културните установи и институции се класифицирани по области и дејности: театари, музеи, опера и балет, филхармонија, библиотеки, центри за култура, заводи и музеи и други. Тие ја носат главната одговорност за зачувување и промоција на културното наследство, како и за создавање на современо творештво. Ваквата институционална поставеност обезбедува култура со фокус на меѓународното и национално претставување, но истовремено ја одредува и локалната културна динамика.

Покрај институциите, во културниот систем особено значајно место имаат здруженијата на граѓани, невладините организации, како и независните културни оператори кои придонесуваат за градење на културниот плурализам и динамиката на развојот на културната сцена. Тие често делуваат во делот на современите уметности, алтернативната култура младинските иницијативи и меѓународната соработка, создавајќи простор за нови идеи и инклузивни културни практики. На овој начин културата во Македонија се гради и развива како комплексен систем во кој државната поддршка, локалната иницијатива и граѓанското учество се испреплетуваат во насока на динамичен и одржлив развој.

Секој од овие потсектори има своја специфична улога и значење во уметничката и културната сцена на Македонија. Колкав е бројот на субјектите и како се распоредени по региони, може да се види на следните табеларни и графички прикази.

---

[1] Закон за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25)

**Табела бр.1: Број на Национални и локални установи во секторот уметност во Македонија (2025 година)**

| | |
|---|---|
| Број на национални и локални установи | 121 |
| Национални установи | 72 |
| Локални установи | 49 |
| Самостојни уметници | 197 |




*График бр.1: Број на Национални и локални установи во секторот уметност во Македонија (2025 година)*




*Слика бр.1: Мапа на плански региони во Република Северна Македонија*

**Табела бр.2: Национални и локални установи распоредени по региони**

| РЕГИОН | НАЦИОНАЛНИ УСТАНОВИ | ЛОКАЛНИ УСТАНОВИ |
|---|---|---|
| Вардарски регион | 4 | 13 |
| Источен регион | 5 | 10 |
| Југозападен регион | 11 | 2 |
| Јигоисточен регион | 2 | 5 |
| Пелагониски регион | 12 | 6 |
| Полошки регион | 10 | 1 |
| Североисточен регион | 3 | 4 |
| Скопски регион | 25 | 8 |
| **ВКУПНО:** | **72** | **49** |




*График бр.2: Број на Национални установи по региони изразен во проценти*




***График бр.3: Вработени во локални установи по региони изразени во проценти***




***График бр.4: Споредба на броот на вработени во национални и локални установи по региони***

**Табела бр. 3: Национални и локални установи прикажани по дејности**

| Дејност | Број на национални установи |
|---|---|
| Библиотечна | 5 |
| Филмска дејност | 2 |
| Музичка и музичко-сценска | 5 |
| Драмска дејност | 11 |
| Фолклорна дејност и Центри за култура | 18 |
| Установи од областа на заштитатата на културното наследство | 9 |
| Културно уметнички манифестации | 4 |
| Музејска и кинотечна дејност | 18 |

**Анализата е изработена врз основа на статистички податоци од Министерство за Култура и Туризам, а за референтен податок е земен месецот декември 2024 година.*

# КЛУЧНА ОБЛАСТ 2: ВИДОВИТЕ ЗАНИМАЊА ВО РАМКИТЕ НА СЕКТОРОТ И ПРЕДВИДЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ШЕМИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Секторот за уметност претставува динамична и разновидна област што ги опфаќа визуелните уметности, музиката, театарот, филмот, дизајнот, културното наследство, културниот менаџмент и дигиталните уметности. Во овој сектор се вклучени широк спектар на професии: ликовни уметници, музичари, актери, танчери, режисери, драматурзи, сценографи, костимографи куратори, графички дизајнери, културни работници, продуценти, техничари, уметнички едукатори и многу други. Многу од овие занимања функционираат во хибридни улоги, комбинирајќи уметнички израз со административна, едукативна или технолошка дејност.

Според Европската класификација за вештини и компетенции[2] уметничкиот сектор содржи 137 занимања од 3–6 ниво, од кои 42 се директно релевантни за Македонија.

Според Европската класификација за вештини и компетенции[3] **нивоата 3–6** опфаќаат:

- **Ниво 3**: основни практични вештини;
- **Ниво 4**: стручна самостојност (соодветствува на средно уметничко образование);
- **Ниво 5**: специјализирани вештини во променливи контексти;
- **Ниво 6**: креативно решавање на комплексни проблеми.

Во Македонија, 42 од нив се директно релевантни за пазарот на труд. Клучни занимања со Европската класификација за вештини и компетенции (ESCO) со код и степен на побарувачка дадени во табела бр.4.

[2] European Skills, Competences, Qualifications and Occupations (ESCO), 2024, Верзија 1.1. Европска комисија. https://esco.ec.europa.eu
[3] Isto

**Табела бр.4: Клучни занимања од Европската класификација за вештини и компетенции (ESCO) со код и степен на побарувачка во Р.С. Македонија**

| ESCO – код | Занимање | Побарувачка во РСМ |
|---|---|---|
| 2651.14 | Музички изведувач - традиционална/фолк музика | Висока |
| 2163.7 | Дигитален илустратор | Растечка |
| 2166.11 | 2D/3D аниматор | Висока |
| 2621.19 | Куратор на дигитални колекции | Ново |
| 3433.4 | Културен медијатор | Средна |

Останатите 37 занимања (ликовен уметник, сценограф, костимограф, драматург, реставратор, звучен техничар итн.) се присутни, но без формална регистрација во Регистарот на Националната рамка на квалификации.

Во Македонија, како што погоре е прикажано, како и во многу други земји, уметничкиот сектор е во најголем дел организиран околу јавните институции (музеи, галерии, театри), невладини организации, културни центри, како и независни иницијативи и самостојно ангажирани уметници.

Голем број уметници се самовработени или работат по проектен принцип, често без трајна институционална поддршка. Овој модел на работа, од една страна нуди слобода и креативна автономија, но од друга страна носи голема економска несигурност и недостиг на социјална заштита.

Со појавата на новите технологии, дигитализацијата и зголемената глобална поврзаност, се предвидуваат значајни промени во шемите за вработување. Се зголемува побарувачката за дигитални компетенции, интерсекторски соработки (пр. уметност и технологија, уметност и индустрија), како и способност за работа на интернационално ниво. Новите платформи за дистрибуција, онлајн изложби и виртуелни настани отвораат нови можности за уметниците, но бараат и адаптација кон нови начини на работа и самопромоција.

Начинот на кој се презентира, но и создава уметноста, неминовно носи до заклучок дека во иднина, успехот во уметничкиот сектор сè повеќе ќе зависи од способноста за мултидисциплинарна работа, вмрежување, дигитална видливост и адаптибилност кон новите економски и културни реалности.

**Референци:**

ESCO 2024; АВРМ 2024; Центар за култура и менаџмент партнер на Креативна Европа–истражување „Прекарност во креативните индустрии: Анализа на приходи и социјална заштита на уметниците во Република Северна Македонија". Скопје: ЦКМ, достапно на: www.ckm.mk/prekarnost-2023.pdf , НРК Каталог 2025.

# КЛУЧНА ОБЛАСТ 3: ВРСКАТА МЕЃУ СЕКТОРОТ ШТО СЕ АНАЛИЗИРА И ДРУГИТЕ СЕКТОРИ

Уметноста не може да се разгледува изолирано, бидејќи таа по својата природа е интердисциплинарна и социо-културно вградена. Таа воспоставува мрежи на релации со повеќе општествени сектори, како што се образованието, туризмот, економијата, технологијата, јавната администрација и медиумите. Овие поврзаности овозможуваат поширок општествен импакт на уметничките практики и ја зајакнуваат нивната улога во современиот контекст. Уметноста има едукативна, економска, туристичка, технолошка, општествена и медиумска димензија, при што делува како мултифункционален двигател на општествениот развој. Уметноста не може да се третира како изолиран феномен, туку како интегративна сила која придонесува кон зајакнување на културниот капитал, националната репрезентација и општествената кохезија.

**Уметност и образование**

Уметноста е суштински интегрирана во образовниот систем преку формалното и неформалното образование. На институционално ниво, таа е застапена во наставните програми на основните и средните училишта, како и преку специјализираните факултети и академии за уметност. Со тоа, образованието не само што овозможува едукација на идни уметници и културни работници, туку и создава поширока публика која е способна да ја препознае и вреднува уметничката продукција. Воедно, партнерствата меѓу образовните институции и уметничките организации придонесуваат за практична размена на знаења и искуства.

Во таа смисла, уметноста и културата  имаат значајна улога во развојот на клучни компетенции кај младите. Тие придонесуваат за развој на креативност, критичко размислување, културна свест и социјални вештини – што се суштински за современиот пазар на труд. Интегрирањето на културни содржини и активности во формалното и неформалното образование (театар, музика, ликовна уметност, литература и сл.) ја зголемува мотивацијата кај учениците и овозможува практично учење преку уметнички израз. Затоа, културата треба да се препознае како составен дел од наставните програми и образовните квалификации, особено во струките каде што креативноста, комуникацијата и интеркултурната компетентност се основа за професионален успех.

Состојбата во средното уметничко образование во државата покажува дека Македонија има традиција во доменот на средното музичко, балетско и ликовно образование, кое изминатите децении успешно реализира во Државните

училишта „Илија Николовски–Луј“ во Скопје, „Сергеј Михајлов“ - Штип, Државно музичко училиште - Битола и „Тодор Скаловски Тетоец“ - Тетово, како и во државното средно училиште „Лазар Личеноски“ во Скопје. Во овие специјализирани училишта изминатите децении се изучуваат музичките, балетските и ликовните дисциплини и се градат идните културни работници во државата. Во исто време мора да се потенцира дека уметноста како израз перманентно се менува, се гради и унапредува, а образовниот систем е тесно фокусиран на носечките кадри во уметноста, без при тоа да води сметка на останатите техничко-продукциски профили и помошно уметнички кадри кои се неопходни за реализација на уметнички содржини воопшто. Тоа најсилно се одразува во културните установи (театри, опера и балет, музеи, галерии, филмски и аудиовизуелни центри) каде се создаваат уметничките дела, но и општо земено во севкупниот уметнички мозаик во државата.

**Уметност и културен туризам**

Културниот туризам во Македонија е во значајна мера поврзан со уметноста, која преку фестивали, изложби, музички настани и културни манифестации создава препознатлив културен бренд на државата. Присуството на институции како музеите, галериите и театрите, како и традицијата на одржување на манифестации и фестивали од видот на: „Охридско лето“, „Мајски Оперски Вечери“, или „Скопско лето“, ја позиционираат Македонија како атрактивна културна дестинација. Ваквата релација не само што го поттикнува туризмот, туку создава и економски придобивки во угостителството, хотелиерството и другите услужни дејности и трговијата.

Согледувањето дека туризмот и културата се две гранки кои се тесно поврзани и меѓусебно си влијаат и надополнуваат, се рефлектираше и преку одлуката на Владата за фузирање на културата и туризмот во еден државен орган што се спроведе преку измена на Законот за организација и работа на органите за државна управа[4] со која Министерството за култура прерасна во Министерство за култура и туризам. Понатаму, со измените на Закон за туристичка дејност[5] згасна Агенцијата за туризам, а нејзината надлежност се трансферираше во секторот туризам при Министерството за култура и туризам. Од тука јасно се гледа дека поврзувањето на уметноста и културта со туризмот, претставува државна стратегија со која се планира овие две гранки во иднина взаемно да се развиваат и надополнуваат.

[4] Закон за организација и работа на органите за државна управа, Службен весник на РСМ" бр. 58/2000; 44/2002; 13/2006; 82/2008; 167/2010; 36/2011; 51/201 и Сл.весник на РСМ бр.96/2019; 110/2019; 154/2019; 121/2024

[5] Закон за туристичка дејност, „Службен весник на РСМ“ број 156/2025 од 30.07.2025

Во контекст на постоечката Националната рамка на квалификации, стручните профили од областа на уметноста (музика, танц, сценски и визуелни уметности, дизајн, културно наследство и сл.) треба да се прилагодат кон современите општествени и економски потреби, особено во функција на поврзување со туристичкиот сектор.

Културниот туризам сè повеќе се препознава како растечка економска гранка која бара кадар со интердисциплинарни вештини: уметничка креативност, културна медијација, интеркултурна комуникација, јазични вештини, дигитална презентација и управување со настани и проекти. Со тоа, квалификациите во уметноста не треба да бидат насочени исклучиво кон одреден вид уметничко изразување, туку и кон практична примена во културни и туристички содржини (фестивали, изложби, културни рути, музеи, јавни настани).

**Уметност и економија / креативни индустрии**

Секторот за уметност е суштински дел од поширокиот поим „креативни индустрии", во кој се вклучуваат дизајн, архитектура, филм, издаваштво, мода, маркетинг, дигитални медиуми, како и гејмингот (креирање дигитални игри), како најбрзорастечка креативна индустрија во последните децении. Уметноста придонесува кон економскиот развој преку нови форми на претприемништво и иновации. Сè поголем број уметници делуваат во приватниот сектор како независни професионалци или во рамки на агенции, при што ја комбинираат уметничката експресија со пазарната економија. Ова ја нагласува улогата на уметноста како фактор на економска одржливост и конкурентност.

Во таа смисла, уметничкото образование во средните училишта може да биде клучен фактор за развој на основни компетенции за учество во оваа економија – преку креативно размислување, визуелна писменост, културна свест, интердисциплинарна работа и претприемачки дух. Во контекст на Националната рамка на квалификации, истата треба да ги рефлектира новите трендови и побарувања на пазарот на труд, преку:

- Развивање на квалификации и модули, поврзани со креативната економија (мултимедија, дигитална уметност, културен менаџмент, културно претприемништво);
- Интеграција на проектно-ориентирано учење и практична настава во соработка со културни институции и бизнис-сектор;
- Оспособување на учениците за самостојна работа и делување (фриленсинг) и дигитален маркетинг, што се основа на современите модели на работа во креативната индустрија.

Компаративни европски примери:

**1. Финска:** Финскиот систем активно вклучува уметност и креативност во сите образовни нивоа. Во стручните училишта постојат квалификации како Визуелно изразување, Културна продукција и Медиуми и изведувачки уметности (Visual Expression, Cultural Production и Media and Performing Arts), кои комбинираат традиционално уметничко образование со дигитални и претприемачки вештини. Учениците работат на реални проекти и добиваат можност за учество во меѓународни програми и мрежи[6].

**2. Холандија:** Во Холандија, уметничките и културните квалификации се тесно поврзани со локалните креативни индустрии. Средните стручни училишта (MBO) нудат програми како Културен менаџмент и менаџмент на настани и Дизајн и медиуми (Cultural and Event Management и Design & Media), при што се користи модуларен систем и практика кај културни оператори. Овој модел овозможува флексибилност и директна поврзаност со реалните пазарни услови.

**3. Словенија:** Како дел од реформата на средното стручно образование, Словенија воведе програми како Техничар за Мултимедија и Културен аниматор (Multimedia Technician и Cultural Animator), со цел да одговори на растечката побарувачка за културни работници со дигитални вештини. Овие квалификации се позиционирани на различни нивоа во националната рамка и овозможуваат вертикална и хоризонтална мобилност[7].

**Уметност и технологија**

Современите уметнички практики во светот сè повеќе се поврзуваат со технолошкиот развој. Дигиталната уметност, мултимедијалното изразување, виртуелната реалност и онлајн платформите овозможуваат нови форми на уметничка продукција и презентација. Преку оваа релација уметноста воспоставува директна врска со ИКТ индустријата, создавајќи нови пазари и модалитети за интеракција со публиката. Така, технологијата не само што ја проширува естетската димензија на уметноста, туку ја зголемува и нејзината достапност.

Во таа смисла, современиот технолошки развој има сè поголемо влијание врз културниот сектор и во Македонија, особено врз начинот на кој се создава, дистрибуира и доживува уметноста. Уметничките практики сè повеќе се

---

[6] National core curriculum for general upper secondary education - visual arts, www.oph.fi
Finnish national agency for education, Ministry of education and culture of Finland, www.okm.fi

[7] https://www.culturalpolicies.net/

насочуваат кон дигитални формати, мултимедијални платформи, виртуелна и проширена реалност (VR/AR), видео-арт, аудиовизуелни инсталации, и интерактивни виртуелни изложби. Овој технолошки исчекор има двојно влијание врз културата, од една страна, ја проширува уметничката експресија, отворајќи нови креативни простори, а од од друга страна, ја демократизира културата, правејќи ја подостапна за поширока и поразнолика публика преку дигитални канали.

Во вакви услови, Националната рамка на квалификации (НРК) мора да го рефлектира ова технолошко-културно приближување, преку:

- **Интеграција на дигитални вештини во уметничките квалификации:**[8] Уметничките програми на средно и високо образовно ниво треба да вклучат дигитална продукција, едитирање на видео/аудио, анимација, употреба на AR/VR технологии, работа со виртуелни платформи, како и разбирање на дигитална етика и авторски права во дигитална средина.
- **Развој на нови, интердисциплинарни квалификации:** Потребно е воспоставување на иновативни образовни квалификации, кои ги комбинираат уметноста и технологијата, како на пример: дигитален дизајнер на културни содржини, креатор на интерактивни културни настани и специјалист за дигитално архивирање на културно наследство[9].*)*
- **Модуларен пристап и флексибилни образовни патеки:** Современите квалификации треба да бидат модуларни, со можност за надградба на компетенции преку неформално образование, кратки обуки и сертификациски програми. Ова ќе овозможи флексибилна адаптација на младите и возрасни лица на брзите промени во креативниот и дигиталниот сектор[10].

**Соодветно позиционирање во НРК**

Вештините стекнати преку овие нови квалификации треба јасно да се мапираат во рамките на НРК според нивоа на знаење, вештини и компетенции, овозможувајќи вертикална и хоризонтална мобилност, како и признавање на вештини стекнати преку практична работа, проекти или неформално учење. Во таа смисла, во Европа постојат и добри примери и практики каде дигитализацијата на уметноста и културата е веќе интегрирана во националните образовни и квалификациски системи:

---

[8] *unesco.org*

[9] ***UNESCO expands the integration of MIL in formal education across Albania,*** *Albania Digital Education Project - Financing the digital transformation of education*

[10] Flexible and permeable educational and training system, Modular trainig courses, *cedefop.europa.eu*
Закон за образование на возрасни, Хрватска и Србија

- **Естонија** – има воспоставено дигитални програми во средните уметнички училишта кои комбинираат дизајн, програмирање и културно претприемништво[11].
- **Франција** – има развиено специфични програми за дигитални културни медијатори (médiateur numérique culturel), кои делуваат на границата меѓу културата, технологијата и публиката[12]

Согласно со наведеното, јасно се заклучува дека технологијата повеќе не е само алатка, туку структурна компонента на современата култура и уметност. Затоа, националните квалификации мора да ја препознаат оваа трансформација, преку реформа на наставните програми, развој на нови квалификации, и јасно мапирање на дигитално-креативните компетенции. Само преку ваков пристап, Македонија може да го поддржи развојот на одржлива, конкурентна и иновативна културна економија.

**Уметност и културни политики / јавна администрација**

Јавниот сектор има суштинска улога во поддршката и развојот на уметноста во Македонија. Министерството за култура и општините обезбедуваат финансиски средства за институционалните и независните уметнички проекти, додека европските фондови и меѓународните програми ја отвораат можноста за транснационална соработка. Оваа поврзаност ја истакнува уметноста како дел од јавниот интерес и како значаен фактор во културната дипломатија и националната идентификација.

Всушност јавниот сектор има суштинска улога во развојот на уметноста во Македонија – како носител на образовни и квалификациски политики кои го обликуваат профилот на идните културни и креативни професионалци. Министерството за култура, општините и поврзаните јавни установи обезбедуваат системска поддршка за уметнички институции, организации и поединци преку годишни конкурси, инфраструктурни инвестиции и соработка со меѓународни партнери. Преку ова, уметноста е јасно препознаена како јавен интерес и значаен фактор во културната дипломатија, националната идентификација и економскиот развој.

Во контекст на современите предизвици и динамичните промени во културниот и креативниот сектор, јавната администрација има одговорност, не само да го поддржува културното творештво, туку и да овозможи систематско следење, ажурирање и развој на националните квалификации во уметноста и културата,

---

[11] *https://courier.unesco.org/en/articles/estonia-early-convert-digital-technology;https://better-internet-for-kids.europa.eu/en/knowledge-hub/estonia-policy-monitor-country-profile;*

[12] La strategie numerique du minitre de la Culture“ *https://www.icart.fr/metiers-art-culture/devenir-charge-mediation-digitale/numérique, www.culture.gouv.fr*

преку активна соработка со: образовните институции, пазарот на труд, културниот сектор и меѓународните организации.

Ова подразбира институционална заложба за редовно следење на пазарните потреби и новите професии во креативната економија, особено оние што произлегуваат од спојот на уметност и технологија. Тоа подразбира ажурирање и проширување на Националната рамка на квалификации (НРК) со нови квалификации, насоки и излезни компетенции, релевантни за современите уметнички практики, како и интерресорска координација помеѓу Министерството за култура, Министерството за образование и наука, Центарот за стручно образование и обука, Агенцијата за вработување и други надлежни тела.

Важно е да се нагласи и поддршката за професионален развој на наставниот кадар и воспоставување на квалитетни практики, учење преку работа (work-based learning) и тесна поврзаност на уметничките училишта со културните институции, што во голем дел веќе е присутно во уметничкото образование. Заради одржување квалитет на уметничкото образование, неопходно е вклучување на претставници од културниот сектор во процесите на ревидирање и акредитација на нови квалификации (експертски групи, сектори за вештини и сл.).

Во таа смисла, технолошкиот развој и интернационализацијата на културата јасно создаваат потреба од нови квалификации кои не се (уште) формално вклучени во НРК, што укажува на потребата од поактивна улога на администрацијата во процесот на предвидување на професионалните потреби и структурно реагирање со соодветни образовни програми.

**Културата како дел од вкупната стратегија за квалификации**

Доколку Македонија сака да го развие својот креативен потенцијал и да се позиционира во рамки на европската културна и дигитална трансформација, културата мора да биде препознаена како стратешки приоритетна област во националните стратегии за развој на човечки ресурси и квалификации. Ова вклучува активна партиципација на културниот сектор во **Националниот одбор за квалификации,** развој на перманентно стручно усовршување (lifelong learning) за културните работници и финансиска поддршка за иновативни образовни програми и уметнички иницијативи кои ги надминуваат класичните дисциплинарни рамки.

Јавниот сектор не е само поддржувач на културни активности, туку ја презема и улогата на стратешки модератор и визионер во креирањето на модерни, флексибилни и пазарно релевантни квалификации во културата и уметноста. Тоа е предуслов за одржлив развој на културниот систем, јакнење на креативната економија и активно вклучување на македонските уметници и професионалци во глобалните текови.

### Уметност и медиуми

Медиумите претставуваат канал за видливост и афирмација на уметничката продукција. Преку новинарството, критиката, документаристиката и дигиталните медиумски платформи, тие ја формираат јавната перцепција за уметноста. Дополнително, медиумската индустрија (филм, музика, рекламирање) во себе интегрира уметнички содржини и продуцира културни вредности со масовно општествено влијание. Уметноста и медиумите се две страни на истиот креативен медиум – еден не може без другиот во денешниот дигитален свет. Оваа поврзаност не е само естетска – таа е мотор за економија, иновација и личен развој. Во Македонија, Националната рамка за квалификации го препознава токму овој спој и го канализира во јасни, мерливи нивоа кои им даваат на младите реални кариерни патеки само во високото образование.

# КЛУЧНА ОБЛАСТ 4: КЛУЧНИТЕ ТРЕНДОВИ, РАЗВОЈ И ДВИГАТЕЛИ ВО САМИОТ СЕКТОР

## 4.1 Клучни трендови

Секторот „уметност“ сѐ повеќе се поврзува со концептот на креативни индустрии — односно, не само традиционалната ликовна, музичка или сценска уметност, туку и дизајн, издаваштво, визуелни медиуми, моден дизајн[13]. Ова значи дека уметниците и уметничките организации се во позиција да се вклопат во економските модели, партнери со бизнис, туризам, образование и сл. Повеќе активности во модата, дизајнот и визуелната уметност го истакнуваат значењето на одрживоста и иновацијата — како тема и како метод. Ова покажува дека уметничките практики и креативните изрази повеќе се заинтересирани за општествени и еколошки прашања, како и за нови медиуми и техники.

Поврзаноста меѓу уметноста и економијата станува сѐ поочигледна во современото општество, особено преку развојот на креативните индустрии. Уметноста, која традиционално се смета за израз на индивидуална креативност и културен идентитет, денес претставува и значаен економски ресурс. Креативните индустрии — како што се филмот, музиката, дизајнот, модата, архитектурата и дигиталните медиуми — создаваат нови работни места и поттикнуваат иновации во економијата. Тие го спојуваат уметничкиот талент со претприемачкиот дух, создавајќи производи и услуги со висока додадена вредност кои влијаат врз економскиот раст и конкурентноста на земјите.

Од економски аспект, креативните индустрии претставуваат значаен двигател на одржлив развој и социјална кохезија. Тие го поттикнуваат претприемништвото, привлекуваат инвестиции и ја зголемуваат видливоста на културниот идентитет на една земја на глобалниот пазар. Во исто време, економијата обезбедува поддршка и инфраструктура за развој на уметноста преку културни политики, грантови и креативни хабови. Така, уметноста и економијата се во постојана меѓузависност — уметноста му дава на пазарот иновација и инспирација, а економијата ѝ овозможува на уметноста одржливост и поширок опсег на влијание.

## 4.2 Креативните индустрии - двигатели во самиот сектор

Креативните индустрии во Македонија сѐ повеќе се препознаваат како двигател на креативната економија и како значаен фактор во современиот економски развој. Секторите како филмската продукција, музиката, дизајнот, архитектурата, модата, дигиталните медиуми и културниот туризам придонесуваат за економска

[13] britishcouncil.mk+2kultura.gov.mk+2.

динамика преку создавање нови работни места и поттикнување на иновации. Креативните професионалци не само што произведуваат културна вредност, туку создаваат и економски потенцијал кој ја зголемува конкурентноста на земјата. Со поддршка од јавниот и приватниот сектор, овие индустрии можат да станат двигател на економијата заснована на знаење, креативност и одржлив развој.

Во македонскиот контекст, креативните индустрии имаат потенцијал да го зајакнат културниот идентитет и да ја подобрат меѓународната видливост на земјата, не се само како културен израз, туку и како клучен двигател на новата, креативна економија на Македонија. Токму затоа во рамките на Националната развојна стратегија „Развојна стратегија 2024-2044“ е наведено дека една од приоритетите е „развиени културни, креативни индустрии и спорт“. Ова значи дека секторот уметност се гледа не само како културна активност туку и како економски и развоен мотор — што го подига неговиот статус и значење.

Овие двигатели овозможуваат преориентирање на уметноста кон поголема интеграција во економијата и општеството: од „убаво и културно за себе“ кон „креативен ресурс, економски придонесител“. Преку поддршка и инфраструктура, се подобруваат условите за самостојните уметници, организации, како и за креативните претпријатија — што помага за зголемување на продукцијата, квалитетот, меѓународната видливост и вработувањето. Регионалната и дигиталната ориентација отвора нови пазари, соработка и можности за конкурентност надвор од локалниот пазар. Стратегискиот пристап ја зголемува одржливоста на секторот — не само преку проекти, туку и преку институционално јакнење, капацитет-градење и стабилни механизми.

# КЛУЧНА ОБЛАСТ 5: ВООБИЧАЕНИТЕ ПАТЕКИ НА КАРИЕРА МОЖНОСТИ ЗА НАПРЕДУВАЊЕ

## 5.1 Вообичаени патеки на кариера

**Академска / Образовна патека**

- **Почеток:** ДСУЛУД „Лазар Личеноски", Скопје; ДМБУЦ „Илија Николовски Луј", Скопје, „Тодор Скалоски", Тетово и други
- **Развој: Факултет за ликовни уметности (ФЛУ)**, **Факултет за музичка уметност**, **Факултет за драмски уметности**, или **Факултет за арт и дизајн** потоа Магистерски и докторски студии
- Настава на универзитети, средни уметнички училишта, курсеви, работилници.
- **Клучна насока:** уметник + педагог / професор.

Со вакво искуство лицето добива стабилност, институционална поддршка и влијание врз млади генерации.

**Институционална кариера**

- **Вработување во национални или јавни установи како** Национална галерија, Музеј на современа уметност, Музеј на град Скопје, Музеј на Македонија, Заводи и музеи, Кинотека, Национална опера и балет…
- **Работни профили:** кустос, конзерватор, визуелен уметник, сценограф, дизајнер, координатор на програми, уметнички соработник.
- **Вообичаен пат на ваква кариера** започнува со соработка во остварување на изложби/претстави/настапи и уметнички проекти, потоа влегува во институција како професионален соработник.

Со вакво искуство се добива финансиска сигурност, можност за јавни проекти, влијание врз културната политика, но со ограничена креативна автономија, бирократија, низок буџет за самостојни иницијативи.

**Независна уметничка и проектна кариера**

- **Фокус:** самостојни уметници, фриленсери, мали колективи, галериски уметници.
- **Можности:** учество во изложби, резиденции, културни проекти, конкурси на Министерството за култура, Креативна Европа (Creative Europe), Културата ја движи Европа (Culture Moves Europe) итн.

Вака уметниците имаат целосна слобода, можност за интернационален раст, но трпи финансиска нестабилност и зависност од конкурси и нивна поддршка.

**Креативни индустрии**

- **Фокус:** уметници кои се вклучуваат во **графички, сценски, моден, дигитален, видео или веб-дизајн**.
- **Работни профили:** графички и визуелен дизајнер, илустратор, арт директор, концептуален визуелен уметник во рекламни агенции, издаваштво, филм, музички видеа.
- **Патека:** уметничко образование → самостојна или агенција → креативен менаџер.
- **Предности:** применливост и пазарна вредност на уметничките вештини.
- **Недостатоци:** комерцијален притисок, ограничен простор за експеримент.

**Меѓународна уметничка кариера**

- **Патека:** Резиденции, биеналиња, партнерства со странски галерии и уметници кои создаваат мрежа преку изложби надвор од Македонија.
- **Поддршка:** програми од EU.
- **Предности:** ваквата кариера нуди предности со глобалната видливост, можност за соработка и продажба сепак можноста за остварување бара ресурси и познавање на јазици .

**Хибридни кариери (комбинирани модели)**

Најчестата реалност за македонските уметници е **комбинација на неколку патеки**:

- уметник + професор
- уметник + дизајнер
- уметник + куратор/менаџер
- уметник + културен работник
- уметник + меѓународен проектен соработник

Ова се должи на **малиот пазар и недоволната институционална поддршка**, што ги тера уметниците да развиваат повеќеслојни професионални идентитети.

Во **Сектор за уметност** во Македонија, можностите за напредување постојат — но се **нерамномерно распределени**, зависат од типот на кариера (институционална, независна, академска, комерцијална итн.) и од личната мрежа, иницијатива и меѓународна поврзаност.

### 5.2 Можности за напредување

Секторот нуди одредени можности за напредување, но и предизвици кои зависат од областа (визуелни уметности, музика, театар, филм, дизајн, културен менаџмент итн.), институционалната поддршка и личната иницијатива. Напредување може да се оствари преку институционален систем, академска и образовна патека, независна уметничка сцена, културен менаџмент, креативните индустрии, а често и преку меѓународно вмрежување и признавање.

**1. Во институционалниот систем (музеи, галерии, заводи, театри)**

**Можноста е умерена, бавна, но стабилна.**

**Карактеристики:**

- Јавните установи имаат **јасно дефинирана хиерархија**: *млад соработник → соработник → виш соработник → советник → раководител / директор*
- Напредувањето се базира на **години стаж**, **образование** и **учество во проекти**, а не секогаш на креативни резултати.
- Директните промоции се ретки, најчесто се случуваат преку **јавни конкурси**.

**Предности:**

- Стабилна плата и сигурно работно место.
- Можност за влијание врз културната политика и јавни проекти.

**Ограничувања:**

- Ниска мобилност.
- Административен систем и политички влијанија .
- Недоволно стимулирачка средина за креативен развој.

**2. Академска и образовна патека**

**Можност: стабилна, предвидлива, но ограничена по број.**

**Карактеристики:**

- Напредување преку академски титули: *асистент → доцент → вонреден професор → редовен професор → декан / продекан*
- Зависи од **научно-уметнички труд**, **објави**, **учество на конференции** и **педагошки ангажман**.
- Се вреднуваат **изложби, публикации и менторски активности**.

**Предности:**

- Висок академски престиж.

- Можност за стабилна кариера и јавен авторитет.

**Ограничувања:**

- Ограничен број слободни позиции.
- Помалку простор за независно експериментирање.

**3. Независна / слободна уметничка кариера**

**Карактеристики:**

- Напредувањето зависи исклучиво од **лична активност, креативен идентитет и вмрежување**.
- Уметниците кои се активни во регионални и европски проекти често создаваат **меѓународна кариера**.
- Можноста за „напредување“ е во **признание, видливост, соработка и продажба**, не во формална хиерархија.

**Предности:**

- Голема слобода и меѓународна подвижност.
- Можност за експериментирање и нови медиуми.

**Ограничувања:**

- Недостаток на финансиска сигурност и институционална поддршка.
- Нема формален систем на кариерен раст — успехот е самостојно изграден.

**4. Културен менаџмент**

**Можност: растечка, особено во меѓународен контекст.**

**Карактеристики:**

- Расте потребата од **професионални менаџери, куратори и продуценти** во културата.
- Напредувањето се одвива преку **успешни проекти, партнерства и видливост**.
- Во Македонија нема формализиран систем, но **меѓународни организации** нудат можности (IETM, Reshape, European Cultural Foundation итн.).

**Предности:**

- Меѓународна мобилност.
- Лидерски позиции во културни проекти.
- Можност за регионално влијание.

**Ограничувања:**

- Ограничен број институции со системски поддржани куратори.

- Финансиска нестабилност при проектно работење.

**5. Креативни индустрии (дизајн, филм, музика, видео, мода)**

**Можност: голема и динамична.**

**Карактеристики:**

- Овој сектор е во раст: **графички и дигитален дизајн, аудиовизуелна продукција, мода, мултимедија.**
- Кариерата се гради преку **портфолио, препораки и пазарна препознатливост.**
- Постојат **реални можности за напредување** – од фриленсер до креативен директор / сопственик на студио.

**Предности:**

- Практична и пазарно ориентирана уметничка кариера.
- Висок потенцијал за самовработување и интернационални клиенти.

**Ограничувања:**

- Комерцијален притисок и конкуренција.
- Помалку простор за експериментална или концептуална уметност.

**6. Меѓународно вмрежување и признавање**

**Можност: најголем потенцијал за вистински напредок.**

Македонските уметници кои се поврзуваат со **европски културни мрежи, биеналиња, резиденции и фондации**, имаат најголеми шанси за вистински раст. Пример: учество на биенале во Венеција, регионални програми во Љубљана, Виена, Загреб, Берлин. Такви уметници често стануваат **ментори, куратори или визитинг професори** и во странство.

# КЛУЧНА ОБЛАСТ 6: РАБОТОДАВАЧИ И ДРУГИ КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ

**Работодавачи и институции**

- Министерството за култура на Република Северна Македонија е главна државна институција која креира политики, доделува средства, поддржува проекти и институции во уметноста и културата.
- Јавни културни установи (на пример: музеи, галерии, театри) — државно или општинско основани.
- Независни уметнички организации и асоцијации: Приватни или непрофитни субјекти кои ангажираат уметници, продуцираат изложби, перформанси, фестивали.
- Работодавачи во креативните индустрии поврзани со уметноста: компании или студија кои ги ангажираат уметничките кадри
- Општински власти/локални институции: Тие имаат улога како работодавачи (културни центри, локални библиотеки, домови на културата) и како партнери.

**Други клучни чинители**

- Фондови и донатори: Меѓународни и регионални проекти кои финансираат уметнички активности.
- Професионални здруженија и мрежи на уметници: Тие го застапуваат интересот на уметниците, овозможуваат обуки, вмрежување, застапување.
- Образовни и развојни институции: Универзитети, академии за уметности, обуки за културен менаџмент кои ги подготвуваат кадрите за секторот. Урбани/локални власти и заедници: Како локалните власти се вклучуваат во поддршка на културата и уметничките активности, особено во децентрализирано ниво.

Важно е да се посочат овие информации за да можат уметниците и оние што бараат вработување или соработка да се ориентираат кон овие институции и организации како потенцијални работодавачи или партнери. За развој на кариера или проект, важно е да се разбере каде се ресурсите, кој ги доделува грантовите и каде се можностите, а исто така и за застапување и подобрување на условите (управување, финансирање, инфраструктура) — овие чинители се клучни за влијание.

## Предлог за развој на нови или дополнување на постојните стандарди на занимања и стандарди на квалификации во секторот уметност

По долги и опсежни анализи комисијата констатира дека примарната категорија вработени во дејностите од секторот уметност спаѓаат во групата носители на дејност во културните институции и установи и задолжително мора да имааат завршено високо образование со најмалку 240 ЕКТС или VI/Б степен според рамката на НРК.

Комисијата предлага дополнување на постоечките и развивање на нови квалификации кои припаѓаат во рамките на другите сектори и треба да се оформат со доквалификација / доусовршување односно со посетување скратени програми во ЦОВ кои целно ќе се изработат според потребата. Предлог квалификациите се дадени во табела бр. 5.

**Табела бр.5: Предлог нови квалификации во секторот уметност**

| Сектор | Назив на квалификации | Предлози стандарди на занимања со IV или V ниво на сложеност |
|---|---|---|
| Уметност | Театарски/филмски маскер | Шминкер, Фризер/перикер, Шминкер за сценски ефекти на кожа и лице |
| метност | Пиротехничар | Сценски и филмски ефекти |
| Уметност | Каскадер | Каскадер, Акробат |
| Уметност | Балетски играч | Играч за класичен балет, модерен и џез балет (современ танц) |
| Уметност | Традициски играч/пеач | Традициски играч-пеач |
| Уметност | Изработувач на традиционални инструменти | Изработувач - одржувач на традиционални инструменти, |

| | | |
|---|---|---|
| | | Штимер |
| Уметност | 3Д аниматор | 3Д аниматор |
| Уметност | Уметник кој создава или изведува | Кловн,<br>Магионичар,<br>Жонглер,<br>Илузионист |
| Уметност | 3Д уметник | 3Д уметник |
| Уметност | Соработник за мултимедијална уметност | Соработник за мултимедијална уметност |

## КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ

Со цел да се обезбедат повеќе информации кои ќе се искористат за изготвување на секторската мапа, анализата на Секторот за УМЕТНОСТ се фокусира на собирање информации и статистички податоци од:

- Министерството за култура и туризам;
- Државен завод за статистика на Р. С. Македонија (Национална класификација на занимањата);
- Национални и локални јавни установи и институции од областа на културата;
- Агенцијата за вработување на Р.С.Македонија;
- Релевантни организации граѓански здруженија
- Јавно достапни систематизации од репрезентативни Национални установи;
- Министерство за локална самоуправа;
- Нормативи и стандарди за работа во културната дејност,
- Стопанска комора на Македонија и други извори.